ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА УВО НОС И ГРЛО - СКОПЈЕ СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2018 06 04/1

**Скопје, февруари 2019**

## С О Д Р Ж И Н А


| **Опис** | **Страна** |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 15 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Промени во капиталот | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 19 - 20 |
| - Основни сметководствени политики | 21 - 22 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 27 |

Кратенки користени во извештајот:

**ЈЗУ** – Јавна здравствена установа
**Клиника** – ЈЗУ Универзитетска клиника за уво нос и грло -Скопје
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија
**ЗЈН** – Закон за јавни набавки
**ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ**- Универзитетска клиника за траумотологија, ортопедски болести, анестезија реанимација, интезивно лекување и ургентен центар

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:17 – 71/2

Дата: 11.02.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво нос и грло - Скопје (во понатамошниот текст – Клиниката) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година.

За финансиските извештаи на Клиниката за 2017 година ревизијата изразува мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности, и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Клиниката, за годините кои и претходат на годината кој е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година констатирано е дека:

- не е воспоставена финансиска евиденција за приемот и потрошокот на материјали по организационите единици на Клиниката, со што ќе се обезбеди точна евиденција за потрошокот и состојбата на истите ;
- не е воспоставен Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ;
- не е запазена процедурата при носење измени на годишен финансиски план;
- не е обезбедена согласност од надлежното министерство за ангажирање на лица по договор за дело;
- утврдени се недоследности при спроведување на постапки за јавни набавки.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

На ден 21.01.2019 година со писмо број 03-52/1 од 17.01.2019 година од страна на законскиот застапник на ЈЗУ примено е известување дека Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16 – 152/4 од 18.12.2018 година е разгледан од Управниот одбор на клиниката и истиот е прифатен без забелешки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло на сметката за средства од фондот, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за усогласеност со закони и прописи на Клиниката, за годините кои и претходат на годината кој е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Клиниката застапувано од:

- д-р Никола Николовски – вршител на должноста медицински директор од 26.06.2007 година - 04.08.2017 година;
- д-р Габриела Копачева Баросова – вршител на должноста медицински директор од 04.08.2017 година - 05.02.2018 година;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.08.2018 до 14.09.2018 година кај Клиниката од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 15 октомври 2018 година.
На ден 21.01.2019 година со писмо број 03-52/1 од 17.01.2019 година од страна на законскиот застапник на ЈЗУ примено е известување дека Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16 – 152/4 од 18.12.2018 година е разгледан од Управниот одбор на клиниката и истиот е прифатен без забелешки.

Констатирани се следните состојби:

**3.1. Усогласеност со закони и прописи**

3.1.1. Согласно Одлука[1] за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи за 2017 година во месец 12/2017 година договорениот износ на клиниката бил зголемен за 6.000 илјади денари. Врз основа на наведената одлука пристапено е кон измена на Годишниот финансиски план на приходи и расходи за 2017 година за средства од ФЗОМ, по што добиените средства биле искористени за подмирување на пристигнатите обврски. Ревизијата утврди дека извршената измена на Годишниот финансиски план не била предмет на разгледување и донесување од страна на Управниот одбор, односно истата била одобрена од страна на директорот и доставена до надлежните институции со цел распределба и трошење на одобрените средства. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 100 став 5 од Законот за здравствената заштита и член 18 од Статутот на клиниката и влијае на начинот на утврдување на намените на одобрените средства.

**Препорака**
Одговорното лице на клиниката при носење и измена на годишен финансиски план да обезбеди истите да бидат предмет на разгледување и одобрување од органот на управување.

[1] Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на договорните надоместоци на јавните здравствени установи број 08-16580/1 од 04.12.2017 година.

3.1.2. Во рамките на Клиниката заради извршување на тековното работење поврзано со приемот, чувањето и издавањето на лекови и медицински потрошен материјал функционира Болничка аптека. Со увид во работењето на истата ревизијата констатира дека Болничката аптека функционира без вработен дипломиран фармацевт, односно приемот и издавањето на лекови и медицински материјал се врши од страна на главната медицинска сестра на Клиниката. Во текот на месец март 2018 година од страна на Клиниката доставено е барање до надлежното министерство за вработување на дипломиран фармацевт, но не е добиена согласност за вработување.

Наведената состојба не е во согласност со Правилникот за делокругот на работа на внатрешните организациски единици и минималниот број извршители по внатрешни организациони единици во здравствените установи и имаат влијание врз начинот на користењето на лековите и медицинскиот материјал и квалитетот на здравствената заштита.

**Препорака**

Одговорното лице во соработка со надлежните органи да преземат активности за пополнување на работно место дипломиран фармацевт за потребите на Болничката аптека.

3.1.3. Согласно измената на Законот за здравствена заштита во 2015 година министерот за здравство е должен да го воспостави Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој закон ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. За непречено функционирање на овој систем ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци со Националниот систем. Од информациите добиени од раководството на Клиниката констатиравме дека не се започнати активности за воспоставување на наведениот систем и истиот до денот на ревизијата не е имплементиран во работењето на Клиниката. Утврдената состојба предизвикува да не е воведена евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник / здравствен соработник.

**Препорака**

Одговорното лице на Клиниката во соработка со надлежното министерство да преземат активности за имплементација на Националниот систем за материјално - финансиско и сметководствено работење и воведување на потребните евиденции.

3.1.4. Со извршената ревизија на залихите на лекови, медицински и немедицински потрошен материјал утврдивме дека не е воспоставена финансиска евиденција за приемот и потрошокот на материјалите по организационите единици на клиниката, со што ќе се обезбеди точна евиденција за потрошокот и состојбата на истите. Утврдената состојба не е во согласност со член 6, 7 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 11 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има влијание врз реалното и објективното искажување на состојбата на залихите на лекови и медицински материјали во финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорното лице на Клиниката да преземе мерки за воспоставување на финансиска евиденција на лековите и медицинскиот материјал во сите организациони единици, нивно следење од прием до потрошок.

3.1.5. Врз основа на склучени договори за извршување повремени работи, Клиниката ангажирала 11 (единаесет) лица за извршување на редовни работни задачи, на работни места предвидени со актот за организација и систематизација по кој основ се исплатени средства во вкупен износ од 977 илјади денари.

Договорите за дело со овие лица се склучувани во периодот од 2015- 2017 година и истите во континуитет се ангажирани и во 2018 година поради потреба од медицински и друг кадар неопходен за непречено и ефикасно извршување на дејноста. На ревизијата не и се презентирани потребните согласности за ангажирање на наведените лица. Во текот на месец јануари 2017 година Клиниката доставила барање до Министерство за здравство за вработување на медицински и административен персонал, но за овие лица не обезбедила согласност за вработување. Клиниката пристапила кон склучување на договори за дело со овие лица без притоа да има обезбедено согласност од надлежните органи што не е во согласност со Законот за работни односи и Законот за трансформација во работен однос.

Во текот на 2018 година Клиниката повторно доставила барање до Министерството за финансии за вработување на медицински и административен персонал за вкупно 11 лица, за кои е добиена согласност за 2018 година и извршено е ангажирање на овие лица согласно член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос, поради што ревизијата не дава препорака за утврдената состојба.

3.1.6. Внатрешната организација на работата на Клиниката е утврдена врз основа на Правилникот за организација и систематизација на работните места донесен во 2009 година, а своите задачи и работи утврдени со статутот ги обавува преку организационите единици оддели и отсеци. Согласно измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита меѓу другото извршени се измени и дополнувања на одредбите на член 91 кои се однесуваат на утврдување на внатрешните организациони единици. Согласно наведениот член, надлежниот министер го донесе Правилникот за делокруг на работа за внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешните организациони единици во зависност од видот на дејноста што ја врши здравствената установа. Врз основа на наведениот закон и правилник здравствените установи имаа обврска да извршат усогласување на статутот и Правилникот за организација и Правилникот за систематизација на работните места, најдоцна до 01.09.2014 година.

Ревизијата констатира дека Правилникот за внатрешна организација и Правилник за систематизацијата на работните места на Клиниката во известувачкиот период не бил донесен, односно не е извршено усогласување со Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за работни односи, и Статутот. Оваа состојба е надмината во текот на месец 05/2018 година, кога од страна на Министерство за информатичко општество е добиена согласност на актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места, поради што ревизијата не дава препорака.

3.1.7. Согласно членот 29 - а од Законот за јавни набавки и Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Клиниката, работите во врска со координација на подготовка на планот за јавни набавки, давање совет на комисиите за јавни набавки при спроведување на постапките, подготвување на потребни акти и давање насоки ги извршува раководителот на сектор за материјално-финансиско работење, кој поседува потврда за „положен испит за лице за јавни набавки“ издадена од Бирото за јавни набавки. Со оглед дека истото лице извршува работи и задачи за подготовка на финансискиот план, завршната сметка и други финансиски активности, не е обезбедено разграничување на надлежностите. Причина за ваква состојба е што во Клиниката има недостаток на немедицински кадар и неможност за делегирање на оваа надлежност на друг вработен. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и одредбите на Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси.

**Препорака**

Одговорното лице на субјектот да преземе активности за обезбедување согласност за вработување на лице за работа со јавни набавки односно делегирање на

надлежностите на други лица со што би се обезбедило разграничување на надлежностите.

3.1.8. Раководителот на субјектот од јавниот сектор треба да основа единица за внатрешна ревизија согласно критериумите дадени во член 30 точка 2 и член 31 точка 1 од ЗЈВФК. Согласно наведените критериуми единица за внатрешна ревизија се формира со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 50 милиони денари. Во клиниката и покрај тоа што се исполнети овие услови, не е формирана единица за внатрешна ревизија, ниту во Актот за систематизација е предвидено одделение за внатрешна ревизија независно од другите организациони делови, непосредно одговорно пред директорот. Отсуството на внатрешната ревизија предизвикува неможност директорот на општата болница да се стекне со објективно уверување и совет за остварување на целите и подобрување на работењето на клиниката.

**Препорака**

Одговорното лице, во актите за организација и систематизација да предвиди организациона единица за внатрешна ревизија, и во соработка со надлежните органи да преземе активности за пополнување на истата.

3.2. **Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

3.2.1. За усогласување на сметководствената со фактичката состојба одговорните лица на Клиниката формираат соодветен број на пописни комисии за вршење на попис на средствата и обврските за известувачкиот период предмет на ревизија. По спроведениот увид во пописниот елаборат од извршениот попис ревизијата ги утврди следните состојби:

- во пописните листи не се внесени податоци со кои ќе се изврши опишување на состојбата на градежните објекти земјиште (вредност, квадратура, обезбеден имотен лист);
- во Извештајот од спроведениот попис во делот на презентирање на состојбите на обврските кон добавувачите не е наведена староснa структура на истите, кое би претставувало основа за нивно следење.

Утврдените состојби не се во согласност со член 31 и 32 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на целосно извршување на пописот и на квалитетот на информациите кои ги нуди истиот.

**Препорака**

Одговорното лица да преземе активности за целосно и квалитетно спроведување на пописот на средствата и обврските на начин кој ќе овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

## 3.3. Користење на средствата согласно законски прописи

3.3.1 При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2016 и 2017 година, а по кои се склучени договори во вкупен износ од 44.622 илјади денари , опфативме 68% од склучените договори по спроведените постапки за јавни набавки, односно во вкупен износ од 30.385 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на ЗЈН, и тоа:

- Со извршената ревизија на отворените постапки за набавка на кохлеарни импланти спроведени во текот на 2016 и 2017 година, склучени се Договори во вкупен износ од 7.065 илјади денари и исплатени се средства во вкупен износ од 3.709 илјади денари. Ревизијата утврди дека во тендерската документација на наведените постапки во делот за докажување на техничката или професионалната способност предвидено е економскиот оператор да исполнува одредени услови, односно да обезбеди присуство на обучен персонал на хируршката интервенција (минимум едно лице) обучено од страна на производителот или друг субјект овластен од производителот, кој ќе даде поддршка при интероперативните мерења при хируршкиот зафат како и при постоперативно вклучување и подесување на говорниот процесор кој управува со работата на кохлеарниот имплант, и да обезбеди обучено лице, кое ќе биде вклучен во процесот на рехабилитација на пациентите кај кои е вграден кохлеарен имплант. Во постапките учествувале двајца понудувачи и по завршување на истата донесена е одлука за избор на најповолен понудувач и склучен е договор за јавна набавка. Со увид во договорот ревизијата констатира дека истиот не ги содржи наведените обврски на економскиот оператор во исполнување на одредени услови утврдени во тендерската документација.

  Според укажувањата на одговорното лице на клиниката обучено лице од страна на производителот присуствува во текот на спроведувањето на хируршката интервенција, додека пак целиот процес на рехабилитација на пациентите се спроведува и се следи од страна на Заводот за рехабилитација на слух, глас и говор, што упатува на констатација дека се исполнети условите независно што не се составен дел на договорот. Од друга страна, имајќи во предвид дека процесот на рехабилитација на пациентите се спроведува кај друга ЈЗУ, потребно е клиниката да биде информирана, имајќи во предвид дека рехабилитацијата е една од условите;
- Спроведена е отворена постапка за сервисирање на медицинска опрема за 2016 година и склучени се 4 (четири) договори со економските оператори,

по основ на кои во 2017 година исплатени се средства во вкупен износ од 1.181 илјади денари. Со увид во тендерската документација за оваа постапка констатиравме дека од страна на клиниката изборот на најповолен економски оператор се врши врз основа на најниска цена на работен час за секој медицински апарат одделно. Висината на цените на резервните делови и покрај тоа што при исплата се во повисок износ во однос на цената на работен час, истите не се предмет на евалуација во текот на тендерската постапка, ниту пак е предвидено доставување на специфицирана листа на резервните делови од избраните економските оператори при склучувањето на договорите, туку цената на резервните делови се утврдува од страна на економскиот оператор со доставување фактура за извршената услуга, со што постои ризик услугата да биде извршена со цени на резервни делови-повисоки од пазарната.

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на дел од постапките за јавна набавка создава ризик од несоодветна примена на член 2 и член 33 од ЗЈН и можност за несоодветно користење на буџетските средства и ставање во поповолна положба на поедини економски оператори. Утврдената состојба влијае на начинот на користење на средствата и основните начела/барања на ЗЈН, конкуренција, еднаков третман на економските оператори, рационално и ефикасно искористување на средствата. За оваа утврдена состојба ревизијата не дава препорака бидејќи клиниката во текот на 2018 година спровела јавна набавка за сервисирање на медицинска опрема во која е уредено дека цената на чинење на вредноста на резервните делови е „набавната вредност на делот“.

**Препорака**

Одговорното лице да ги задолжи лицата ангажирани за подготвување на тендерската документација и моделот на договорот да обезбедат целосна усогласеност помеѓу тендерската документација и одредбите на понудениот договор.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1., 3.2.1. и 3.3. кои се основ за изразување мислење, се :

- изменување и дополнување на финансискиот план без за тоа да се произнесе Управниот одбор на клиниката;
- не воспоставена евиденција на потрошокот на медицински материјал по пациент;
- ангажирање на лица по договор на дело без добиена согласност од надлежните органи;

- не усогласени акти за внатрешна организација и систематизација на клиниката;
- не е воспоставена финансиска евиденција на потрошокот на лекови и медицински материјали во магацин и по организационите единици;
- нецелосно спроведениот попис на средствата и обврските и
- недоследности при доделувањето на договорите за ЈН.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1., 3.1.2., 3.1.3., 3.1.4., 3.1.5., и 3.2.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво,нос и грло-Скопје на ден 31 декември 2017 година и резулатот од финансиските активности за година која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло-Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

5.1. Во сметководствената евиденција на Клиниката евидентирани се месечните фактури доставени до Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) за извршените здравствени услуги од страна на Клиниката и износот на договорениот надоместок со ФЗОМ за 2017 година.

Со споредување на договорениот надоместок за 2017 година во вкупен износ од 87.900 илјади денари и извршените здравствени услуги во вкупен износ од 69.663 илјади денари утврдивме дека клиниката има извршено помалку здравствени услуги од договорениот надоместок во вкупен износ од 18.237 илјади денари.

Имено, во текот на 2017 година се забележува драстично намалување на извршениот обем на здравствени услуги. Причина за ваквата состојба пред се е недостигот на персонал (медицински сестри и болничари) како и неколкумесечниот проблем со дефектите на апаратите за анестезија. Подолг временски период се работело со 3 апарати, а клиниката има на располагање 4 операциони сали, поради што не биле во можност да се искористи целокупниот

капацитет на клиниката. Кон крајот на годината во соработка со Министерство за здравство извршено е преземање на еден апарат за анестезија од Општа болница Гостивар, кој не бил користен, како и еден апарат за анестезија од ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, со што во последните два месеци до 2017 година доаѓа до зголемување на извршениот број, односно обем на здравствени услуги, но сепак далеку под договорениот надоместок со ФЗОМ.

5.2. Согласно одредбите на член 13 – а и 13 – б од Законот за здравствена заштита[2] и одредбите на член 14 и 15 од Законот за вработени во јавниот сектор[3] утврдените се: категориите, нивоата, групите и подгрупите на работните места во јавниот сектор. Во делот 5 – а од Законот за здравствена заштита од членовите 155 – а до 155 – е, се врши класификација на работните места и се утврдуваат категориите и нивоата на работните места за давателите на јавни услуги и се утврдуваат подгрупите за помошно техничките лица. Со претходно наведените законски акти не е утврдена основната компонента за утврдување на платата на вработените во јавниот сектор вклучувајќи ги и Јавните здравствени установи.
Ревизијата изврши споредување на наведените одредби со одредбите на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија во Делот плата за извршена работа со што констатира дека не постои усогласеност помеѓу наведените одредби од Законот за здравствена заштита и наведениот колективен договор.
Имајќи во предвид дека не се преземени активности за:
- усогласување на Колективните договори на ниво на гранка, и
- донесување на колективни договори на ниво на работодавач.

а во насока на обезбедување на воедначен пристап при исплата на платите на вработените во Јавните здравствени установи овластениот државен ревизор со писмо број 14 – 392/1 од 22.03.2018 година се обрати до Министерството за информатичко општество и администрација со барање за добивање на повратни информации за исплата на платите на сите категории вработени во ЈЗУ (административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица). И покрај тоа што е доставена ургенција по наведеното барање до денот на известување од оваа ревизија не е добиен одговор на истото.

5.3. На ден 17 април 2018 година склучен е Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија помеѓу министерот за здравство на РМ и претседателот на самостоен синдикат, за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија. Со наведениот анекс се пристапува кон измени и дополнувања меѓу кои и измени и дополнувања на членот 64 од Колективниот договор со кој меѓу другото се брише став 5 кој гласи: „Ако во ист ден се совпадне остварување на право на

[2] („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 65/13 , 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17);
[3] („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14 , 27/16, 35/18).

додаток на плата од став 1 на овој член, работникот има право на исплата на поповолното право зголемено за 8 %“.

Бришењето на наведениот став создава услови вработениот во ЈЗУ да имаат право на зголемување на основната плата и тоа:

- прекувремена работа 29%;
- работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот наредниот ден) 50 %;
- работа во три смени 4%;
- работа во организирана единица за итна медицинска помош 8%;

За работа во денови на празници утврдени со Закон работникот има право на додаток на плата што му припаѓа кога тие денови не се работи и плата за поминати часови на работа зголемени за 42%.

Работникот има право на додаток за дежурство во хируршки гранки во износ од 125%, а во другите гранки 105% од саатнината за редовно работно време.

Надоместокот за приправност изнесува и тоа:

- без остварен повик и ангажирање 8% од дневницата од неговата плата, а за остварен повик и ангажирање 113% од неговата плата по час, за времето кога бил ангажиран.

За наведената состојба ревизија смета дека треба да се преиспита начин на уредување на поединечните проценти за одредени надоместоци / додатоци и укажува на фактот дека висината на платата потребно е да се уредува преку одредбите кои се однесуваат на основната компонента на платата на вработените а исклучителната компонента од плата која се однесува на претходно наведените одредби потребно е да ги следи процентите во јавниот сектор.

5.4. Начинот на пресметување на платата на вработените во Клиниката е уреден со одредбите на член 219 од Законот за здравствена заштита во кој меѓу другото е уредено дека платата на вработените зависи и од резултатите од работењето на здравствениот работник. Резултатите ги оценува, утврдува и одговара за нивната точност и веродостојност раководителот на внатрешната организациона единица кој го води и организира процесот на работа и директорот, односно директорите на јавната здравствена установа во која е вработен здравствениот работник. За имплементација на наведените одредби Општата болница на ден 14.02.2013 година донесува Одлука за воведување на системот на пресметка на плата базирана на резултатите од работењето на работникот и ефикасноста на користење на работното време.

Со извршената ревизија констатиравме дека Општата болница во известувачкиот период не го практикува наведениот начин на пресметка на бруто плата поради усно известување од надлежните органи за напуштање на наведениот начин на пресметка на бруто плата.

Ревизијата изврши комуникација со надлежното министерство при што бевме информирани дека наведениот начин на пресметка на бруто плата не функционира, но не ни беше доставен уреден и веродостоен доказ за напуштање на наведената законска обврска.

За надминување на наведената состојба надлежното министерство пристапи кон подготовка на предлог закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита кој е во собраниска процедура, со кој се укинува принципот на плаќање по учинок на здравствени работници и основната плата и делот за успешност ќе се утврдува согласно колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 88.021 | 72.791 |
| **Вкупно приходи** | **88.021** | **72.791** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 45.923 | 46.830 |
| Стоки и услуги | 37.421 | 25.758 |
| Субвенции и трансфери | 401 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **83.745** | **72.588** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 4.276 | 203 |
| **Вкупно капитални расходи** | **4.276** | **203** |
| **Вкупно расходи** | **88.021** | **72.791** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | - | 122 |
| Активни временски разграничувања | 14.608 | 26.216 |
| Залихи | 2.460 | 2.480 |
| **Вкупно тековни средства** | **17.068** | **28.818** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 42 | 41 |
| Материјални средства | 26.856 | 27.167 |
| **Вкупно постојани средства** | **26.898** | **27.208** |
| **Вкупна актива** | **43.966** | **56.026** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 10.911 | 22.271 |
| Краткорочни финансиски обврски | 422 | 457 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 3.275 | 3.488 |
| Пасивни временски разграничувања | - | 122 |
| **Вкупно тековни обврски** | **14.608** | **26.338** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 29.358 | 29.688 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **29.358** | **29.688** |
| **Вкупна пасива** | **43.966** | **56.026** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | **27.208** | **2.480** | **29.688** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.275** | **11.513** | **12.788** |
| Набавки | 1.275 | 11.513 | **12.788** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **1.586** | **11.532** | **13.118** |
| Отпис на капитални средства | 55 | 11.532 | **11.587** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 1.531 | | **1.531** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **26.897** | **2.461** | **29.358** |